РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ во Скопје

бул. „Александар Македонски“ б.б. 1000 Скопје
Тел. (02) 3135 033, Декан (02) 3165 777, Телефакс (02) 3164 560

**Број 0201-121/2**

**11.02.2013 година**

Врз основа на член 180 став 2 и 3 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 15/2013 ), член 36 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Шумарскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 212 од 3 Април 2012 година), Наставно - научниот совет на Факултетот **на седницата одржана на 11.02.2013 година ја донесе следнава**

# О Д Л У К А

1.Студентите запишани на студиските програми на Шумарски факултет во Скопје **заклучно со учебната 2006/2007 година**, треба да ги завршат студиите под услови кои важеле при уписот **заклучно со завршување на септемврискиот испитен рок во учебната 2012/2013 година**, односно рокот утврден со член 180 став 2 и 3 од Законот за високо образование .

2.Студентите запишани на студиските програми на Шумарски факултет во Скопје заклучно со учебната 2006/2007 година, а кои не ги завршиле студиите во рокот утврден во ставот 1 на оваа одлука **можат да продолжат да студираат според студиската програма што е во важност на Шумарскиот факултет** во Скопје, во согласност со условите и правилата за студирање кои важат за истата.

3. Признавањето на предметите ќе се врши во согласност со одлуката за еквиваленција од Наставно-научниот совет на Факултетот, при што студентите ќе потпишат изјава дека ги прифаќаат условите на плаќање и полагање на испити.

4.Одлуката да ја спроведе Службата за студентски прашања на Факултетот.

5.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Доставено до:**
**1. Служба за студ. прашања**
**2. Веб – страна на Шумарски факултет**
**3. Архива**

**Декан,**
**Проф. д-р Александар Трендафилов**